# НА „ТЕМНАТА СТРАНА“: ОД ЗАБЛУДА И МАНИПУЛАЦИЈА ДО ЛАГА И ИЗМАМА

*Невена Серафимова* [1]
[1] *Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје*
e-mail: nevena.serafimova@gmail.com

Што сé може да се сретне на *темната страна* на математичката уметност? Броевите се моќно оружје, кои вешти раце можат лесно да ги претворат во средство за измама и манипулација. Растечката зачестеност и разните форми на примена на манипулативниот пристап, придонел да се создадат нови поими како *математичарство* и *доказничарство*, означувајќи ја практиката во која математиката и доказот се применуваат на погрешен начин, во наведување наместо разјаснување. Од друга страна, пак, техниките на измама се издвоиле како своевиден биолошки механизам на преживување, чијашто еволуција има цел да овозможи предност во играта на опстанок. Како се користат некои од овие техники, целите, пристапот и моделите кои притоа се применуваат, ќе се разгледаат низ теоретски и практични примери од економијата, политиката, теоријата на игри и хипер-игри.